**Здружение на жени фармери "Моја фарма " Гостивар** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми), насловена: “Преку зголемување на искористеноста на средствата од мерка 115 до економско јаки рурални жени”. Оправданост на активноста - Подобрување на економската и финансиската состојба на жените, поттикнување на женското претприемништво во руралните средини, зголемување на бројот на регистрирани жени, а со тоа подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и поголема конкурентност на пазарот. Со реализација на оваа работиница ќе се зголеми бројот на жени кои ќе бидат информирани (за целта на мерката 115, прифатливи инвестиции, прифатливи трошоци, потребни документи) и подготвени да бидат потенцијални апликанти на мерката 115. Рурални жени учеснички на работилницата ќе послужат како лидери во своите локални заедници да ги охрабрат останатите жени да аплицираат за мерката 115 со што ќе се зголеми интересот за искористување на средствата планирани за реализација на оваа мерка .Всушност со реализација на работилницата ќе изникне неформално рурално женско движење кое активно ќе биде вклучено за промовирање на оваа мерка 115 ”Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство” од Програмата за рурален развој. Со зголемениот интерес за искористување на средствата од оваа мерка 115 ќе се поттикне женското предприемаштво, а воедно и економско јакнење на локалната заедница.











**Земјоделска задруга ЈУЖЕН БИСЕР ПЛУС с.Стојаково, Богданци** спроведе активност **Г –** Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони. Оправданост на активноста - Производството во заштитен простор, на отворено поле и овоштарници какво што имаат во својата дејност членовите на Земјоделската задруга не може да биде успешно ако не се следат најновите достигнувања, иновации и понуда на селекција на семе, посадочен материјал, опрема и технологии, прецизни техники во култивацијата, агротехниката и постбербените активности во конвенционалното и органското производство, механизација и машини. Овој саем како најголем саем во поширокиот регион според бројот на излагачи и посетители е извонредна можност за унапредување и дистрибуирање на знаењата, информациите, па и склучување на конкретни договори за соработка. Тоа е согласно петгодишниот бизнис план на задругата како и согласно целите на НРР, Националната програма за земјоделство и рурален развој 2023-2027.










**Ѓоко Буневски** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) насловена: "ПРИМЕНА НА НАЈВАЖНИТЕ ЗООТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА ФАРМА ЗА ГОВЕДА". Оправданост на активноста - Со цел одржливо говедарско производство кај нашите фармери, мора на сите сегменти од технологијата на одгледување говеда да се даде внимание преку обука на фармери на 15 теми - најважни зоотехнички активности на една говедарска фарма. На овие теми се издаде брошура.












**Научен институт за тутун – Прилеп** спроведе активност **Г – Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија,** со цел воспоставување на дијалог со пошироката јавност и засегнатите страни како и информирање за активности поврани со Нацоиналната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2023-2027, размена на искуства, вмрежување и соработка.











**НИКОЛА ПАЦИНОВСКИ** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „Предуслови за обезбедување рентабилно козарско производство во руралните области на Р. С. Македонија, со посебен осврт на расата алпина и нејзините мелези“. Целта на реализацијата на ова активност ќе биде обезбедување одредени сознанија кај одгледувачите на кози, од техничко-технолошки и здравствен аспект, со цел што помалку грешки при одгледувањето на кози. Сето тоа би обезбедило поволен финансиски ефект, што несомнено би влијаел врз обезбедување рентабилно козарско производство. Настанот овозможи презентација на одредени резултати од претходни истражувања, а за кои сметаме дека треба да допрат до повеќето одгледувачи на кози, со цел организирање на успешно и рентабилно козарско производство како и презентација на предностите и недостатоците и на екстензивното, но и на интензивното козарство. Исто така, се предложи модел за најповолната форма на ова производство.






**Љупчо Ангеловски** спроведе активност **А - настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема:** „Подобрување на количината, квалитетот и безбедноста на сурово млеко кај фармери во рурални региони“. Оправданост на активноста - Во нашата држава во последните неколку години се забележува пад во бројот на производители, количините, квалитетот и безбедноста на суровото млеко. Ова се должи на осцилациите во откупната цена на суровото млеко, на смената на генерации кај фармерите и на фактори од социјално-економски карактер (мали површини на земјоделски површини, стари објекти и опрема и ниско ниво на знаења за производство на млеко согласно ЕУ стандардите, благосостојбата на животните и заштитата на животна средина). Очигледна е потребата од подобрување на условите на одгледување и примена на добра хигиенска и производна пракса за производство на млеко со висок квалитет.










**Друштво за производство трговија и услуги Лексион Груп ДОО Скопје** спроведе активност **Б -** Истражувања, анализи и студии од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството на тема: “Традиционални преработки од круша” со цел поддршка на развојот на земјоделското производство - овоштарството во руралните средини, како и зголемување на интересот за традиционалните македонски производи.












**Даниела Беличовска** спроведе активност **Б -** Истражувања, анализи и студии од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството на тема: „СОСТОЈБИ СО СТОЧНИОТ ФОНД И КВАЛИТЕТ НА ХРАНАТА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО“. Оваа предлог активностите е поврзана со изнесување на анализи и истражувања поврзани со производството и преработката на суровините од животинско потекло, со цел заживување на сточарството во Р.С.Македонија. Руралното население ќе се информира за карактеристиките на суровините од животинско потекло и нивното значајно влијание врз здравјето на населението. Исто така, на руралното население ќе му се укаже дека сточарството е многу значајна земјоделска гранка во светот и дека производите кои се добиваат од сточарството се меѓу најбараните и најупотребуваните во исхраната на населението. Оправданост на активноста **-** Со оглед на тоа што се забележува пад на бројот на примарните производители на храна од животинско потекло, количината и квалитетот на производите, неопходна е потребата од едукација на населението од руралните подрачја за улогата на сточарството врз развојот на руралните средини, придобивките од производите од анимално потекло и нивната улога во исхраната на населението.






**МАТЕВА НАТАША** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „Придонес во руралниот развој-заштита на традиционални млечни производи“. **Оправданост на активноста -** Главната оправданост на активноста преку реализиран настан со презентации, обуки и дискусија на фармерите и производителите околу суштинското значење на ознаките на млечните производи преку ЗОП, ЗГО и ГТП. Со трите ознаки се сигнализира традицијата, но во последната (ГТП), е јасно изразена со дефиниција: традиционален, значи докажана употреба на производ, за временски период на пренесување помеѓу генерации. Овој временски период е време на една човечка генерација, односно најмалку 25 години. Како и да е, препорака на производителите на традиционалната храна во нашата држава да создадат свои здруженија, со основен постулат на одржливост и професионалност, преку промоција на истото.










**ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** спроведе активност **А** - настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „Важноста на планинарството за промоција и развој на руралниот туризам“. Учесниците беа информирани за можностите и мерките за рурален развој, презентација на позитивни практики за развој на руралниот туризам и промовирање на селата и традицијата, преку организирање на планинарски тури и прошетки по планинските патеки и промоција на руралниот туризам.










**Сандра Мојсова** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „Обука на мали рурални производители за производство на безбедна храна во согласност со постоечката легислатива“. Предвидената обука опфати неколку клучни моменти кои го засегаат локализираното производство и дистрибуција на храна од страна на малите производители во руралните региони. На оваа обука беа разгледани и факторите кои придонесуваат за успешно работење и производство на доволни количини на безбедна храна во руралните региони.









**Регионален Сојуз на Земјоделци „Клас“ Прилеп** спроведе активност **А - настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема:** „Актуелна состојба и можности за развој на сточарството“. Оправданост на активноста - Оваа активност има за цел да се промовира Националната програма за земјоделство и рурален развој за периодот 2023-2027 година и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2023 година. Да се развие дискусија за актуелната состојба, проблемите со кои се соочуваме и изнаоѓање на можни решенија.










**Асоцијација на Земјоделци и Фармери Прилеп** спроведе активност **А - настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема:** Како да се унапреди земјоделството - со посебен акцент на поледелството, субвенции, дополнителни субвенции, авансна исплата, поголемо вклучување на младите во земјоделството, презентација на Националната програма за земјоделство и рурален развој за периодот 2023-2027 година, презентација на Мерка 111. Обука и информирање на земјоделските производители, презентација на мерка 112. Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, презентација на мерка 113. Поддршка за поттикнување на земјоделско производство, Презентација на мерка 115. Поддршка за активен женски член во земјоделското домакинство итн.










**Здружение на жени фармери "Моја фарма " Гостивар** спроведе активност **Б** Истражувања, анализи и студии од областа на земјодеелството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството на тема: „Активно влучување на младите во земјоделството преку мерката 112 “Поддршка на млад земјоделец за отпочнување на земјоделска дејност”

Целта е да се види реалната состоба директно од терен за степенот на информираност за мерката 112 “Помош на млад земјоделец за отпочнување со земјоделска дејност” како и да се зголеми бројот на информирани земјоделци за целта на мерката 112, (прифатливи инвестиции, прифатливи трошоци, потребни документи), а во иднина истите земјоделци бидат подготвени за следниот повик на оваа мерка и станат потенцијални апликанти.










**Здружение на љубители и мали производители на жестоки алкохолни пијалоци Ж'ТА Кавадарци** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „Производство на квалитетен дестилат". Целта е на да се промовира мерката млад земјоделец, жена земјоделец, поттикнување на развојот на земјоделските стопанства, здружување и други мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.










**Здружение на љубители и мали производители на жестоки алкохолни пијалоци Ж'ТА Кавадарци** спроведе активност **Г –** Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел да се промовира мерката млад земјоделец, жена земјоделец, поттикнување на развојот на земјоделските стопанства, здружување и други мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, да се елиминира неквалитетното производство на дестилати, овошни дестилати итн.



**Гордана Икономовска** спроведе активност **А - настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема: „**Подигнување на нови насади лешници во интензивно производство“. Целта на оваа активност што поголем број пред се млади и жени да се вклучат во користење на мерка 121 - Модернизација на земјоделски стопанства - подигнување на нови насади, мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство. Да се објасни целиот процес - од подигнување до продажба, добри практики и примери.










**Панче Арсовски** спроведе активност **Г –** Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел размена на искуства, добри практики, вмрежување и соработка за идни заеднички активности, примена на нови технологии, други форми на соработка. Оваа активност е поврзана со повеќе мерки од ПФПРР 2023 и НПРЗРР 2023-2027, имено пред се вмрежување и соработка, диверзификација на руралната економија, вклучување на младите и жените.









**Здружение на одгледувачи на домашна автохтона раса на овци** ПРАМЕНКА ОВЧЕПОЛКА **Скопје** спроведе активност **А -** настани од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството кој се организираат и траат најмногу 3 дена (работилници, семинари, тркалезни маси, конференции, симпозиуми и саеми) на тема**:** „Одржливо управување со автохтони раси на овци Праменка и Овчеполка“. Реализацијата на оваа активност е поврзана со реализација на мерка: 111 – Обука и инфоормирање на земјоделските производители, 112 -Помошна млади земјоделци за зачувување на земјоделската дејност, 125 Соработка за развој на нови производи, 131 Економско здруќување на земјоделските стопанства, 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики, 214 Заштита на автохтони раси на овци. Оправданоста ја ова инвестиција се согледува во воспоставување на одржлив начин на планирање на мерки и активности со учество на овчарите, а со тоа и решавање на реалните проблеми, воспоставен ситем на развој на организација, одржливо управување со природните ресурси, воведување на нови технологии подобрен квалитетот на производите од овчарствотоо и зголемена профитабилност, следствено и услови за развој на селата и опстанок на младите на овчарските фарми.










**Здружение за унапредување на земјоделските задруги МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ** спроведе активност **Г** – Студиски патувања од областа на земјоделството, руралниот развој, прехранбената индустрија и шумарството надвор од Република Северна Македонија, со цел вмрежување, промоција на НМРР и програмите за земјоделство и рурален развој, како и подобрување на производните практики како резултат на размена на искуства и процеси на градење знаења.







